20240571378

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 56 став 1 точка 3, а во врска со член 68-а и член 69 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/2016 и 171/2017 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019, 77/2021, 285/2021, 60/2023, 154/2023 и 209/2023), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, на седницата одржана 4 март 2024 година, донесе

ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ ДОГОВОРИ И ЗА НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСТАНОВИ КОИ ВРШАТ БОЛНИЧКА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Во Правилникот за критериумите за склучување договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат болничка здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/2008, 118/2008, 164/2008, 16/2010, 44/2010, 63/2010, 171/2010, 181/2011, 104/2012, 164/2012 и 70/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 303/2020, 114/2022 и 206/2023), членот 4-а се менува и гласи:

„Член 4-а

Во рамките на вкупно утврдениот договорен надоместок на здравствената установа од член 4 на овој правилник, може да се утврди условен надоместок.

Условниот надоместок претставува дел од вкупниот годишен договорен надоместок на здравствената установа што може да го добие од Фондот, а се однесува на:

- остварен специфичен вид и обем, со точно дефинирани здравствени услуги кои здравствената установа треба да ги изврши во текот на годината и
- покривање на одделните трошоци од тековното работење потребни за пружање здравствени услуги.

Средствата определени со условниот надоместок од став 2, алинеја 1 и 2 од овој член, здравствената установа треба да ги користи наменски.

Здравствените услуги се прикажуваат на посебен образец-План за специфичен вид и обем, а одделните трошоци за тековното работење на образец-План за одделни трошоци од тековното работење потребни за пружање здравствени услуги, кои здравствената установа ги доставува до Фондот, за секоја година.

Во утврдениот годишен договорен надоместок на здравствената установа, вклучен е и планираниот условен надоместок прикажан во плановите предвидени за таа намена од став 2 на овој член.

Критериуми за одобрување условен надоместок од став 2 алинеја 1 на овој член се:

- обезбедување дефицитарни здравствени услуги согласно со медицината базирана на докази,

- обезбедување на скапата терапија чиј трошок не може да се вклучи во референтната цена за пакет на здравствени услуги, односно ДСГ услугата и
- обезбедување нови методи на лекување.

Одобрениот условен надоместок од став 2 алинеја 2 на овој член треба да обезбеди здравствената установа редовно да ги плаќа сите доспеани месечни обврски за одделните трошоци потребни за пружање на здравствените услуги.

За секое полугодие од тековната година Фондот изготвува анализа на реализација на одобрените средства како условен надоместок. Зависно од реализацијата на овие средства, потребите на Фондот и здравствените установи, одобрениот условен надоместок може да се ревидира.

Член 2

По членот 4-а се додава нов член 4-б кој гласи:

„Член 4-б

Утврдување и одобрување условен надоместок се врши врз основа на барање поднесено од здравствена установа до Фондот, за обезбедување финансиски средства како условен надоместок.

Барањето за утврдување условен надоместок за наредната година здравствената установа го доставува во последниот квартал од тековната година. По исклучок, заради специфични потреби на здравствените установи, барање може да се достави и во текот на годината за која се однесува договорниот надоместок.

Искористувањето на средствата определени со условниот надоместок, здравствената установа го врши континуирано во текот на календарската година, согласно со месечните потреби на здравствената установа.

Член 3

Во членот 9-а се додава нов став 7 кој гласи:

„Во одлуката за утврдување вкупен надоместок на здравствената установа, во која е вклучен и условниот надоместок, се определува и начинот на искажување на здравствените услуги за кои се однесува условниот надоместок“.

Член 4

Во членот 10 се додава нов став 3 кој гласи:

„Исплаќање на средствата определени со условниот надоместок се врши на месечно ниво, по доспеана обврска за плаќање на здравствената установа“.

Член 5

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се објави по добивањето согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-5683/2
4 март 2024 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Дејан Николовски, с.р.